# З А П И С Н И К

од третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 22.02.2018 година, со почеток во 14:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател
2. Петар Есмеров, член
3. Славе Веловски, член
4. Горан Велинов, член
5. Дешира Имери, член,
6. Сашо Димитријоски, директор на Агенцијата за електронски комуникации
7. Бојана Стефановска- советник на Директорот за правни работи- во својство на записничар,

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од вториот состанок на Комисијата одржан на 22.02.2018 и усвојување на предлог дневниот ред за третиот состанок за 2018 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од вториот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Усвојување на Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2017 година;

   Годишната завршна сметка беше презентирана од страна на раководителот за финансии кој истакна дека нема никакви забелешки по што завршната сметка беше потпишана од страна на Претседателот на Комисијата.

3. Усвојување на Годишната завршна сметка на Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2017 година;

   Истата беше презентирана од страна на раководителот на секторот за финансии по што беше прифатена и потпишана.

4. Разно.

   Пред комисијата беа повикани претставниците од надворешната ревизорска куќа да извршат презентција на ревизорскиот извештај.

   Состанокот заврши на 22.02.2018 во 16:30 часот.

Гордана Клинчарова, претседател___________

Петар Есмеров, член______________________

Горан Велинов , член____________________

Славе Веловски, член_____________________

Дешира Имери, член______________________

Наш број ___________

Скопје _____________